## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 23 став (5) од Законот за ѓубрива („Службен весник на Република Македонија„ бр. 110/07, 20/09, 17/11 и 148/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗАРАДИ НЕДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ЕВИДЕНТИРАЊЕ НА ЃУБРИЊА КОИ СЕ УВЕЗУВААТ ОДНОСНО ЗАРАДИ НЕДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ОДБИВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ЕВИДЕНТИРАЊЕ НА ЃУБРИЊА КОИ СЕ УВЕЗУВААТ

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето заради недонесување на решение за евидентирање на ѓубриња кои се увезуваат односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за евидентирање на ѓубриња кои се увезуваат во рокот утврден во член 23 став (2) од Законот за ѓубрива.

**Член 2**

(1) Барањето од член 1 на овој правилник се поднесува на образец: „Барање заради недонесување на решение за евидентирање на ѓубриња кои се увезуваат односно заради недонесување на решение за одбивање на барањето за евидентирање на ѓубриња кои се увезуваат “, во формат А-4 во бела боја, кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

(2) Образецот на барањето од став 1 на овој член содржи: назив на органот до кој се поднесува барањето, во средишниот дел назив на барањето, назив на правното лице односно име и презиме на физичкото лицеподносител на барањето, седиште на правното лице односно име на физичкото лице-подносител на барањето, краток опис поради што се поднесува барањето, датум и место за потпис на подносителот на барањето.

**Член 3**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија„.

Бр. 02-13063
16 декември 2011 година
Скопје

Министер,
**Љупчо Димовски,** с.р.